Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
143/2008
Датум на објавување:
13.11.08

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 86/08) министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СООДВЕТНАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И МИНИМАЛНИТЕ ЗДРАВСТВЕНО - САНИТАРНИ УСЛОВИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРОБИШТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува соодветната техничка опрема и минималните здравствено - санитарни услови за управување со гробишта.

## Член 2

Правното лице за управување со гробишта треба да располага со следната техничка опрема:
- компјутер;
- телефонски приклучок со една телефонска линија;
- најмалку еден камион или трактор;
- косилки и друг рачен алат за одржување на инфраструктурата на гробиштата;
- уреди и опрема за гасење на пожар.

## Член 3

Деловниот простор на правното лице треба да ги исполнува следните услови:
- да има најмалку две простории со квадратура со 16 м2 и висина 2,5 м. со санитарен чвор со најмалку една кабина обезбедена со проточна вода и
- просториите да се опремени со водовод, канализација, електрична енергија и греење.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-15849/1
5 ноември 2008 година
Скопје

Министер
за здравство,
**Бујар Османи,** с.р.

Бр. 01-13086/2
3 ноември 2008 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.